Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 278/0306
17.10 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 5-ти октомври 2022 година,врз основа на примена жалба од Телевизија „Канал 8“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Текстот на интернет – порталот „Радио Кочани.мк“, насловен „Во Виница почнува вториот дел од детската работилница „Театар на сенки“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14-ти септември 2022 година Телевизија „Канал 8“ ДООЕЛ Кочани поднесе жалба за текстот со наслов „Во Виница почнува вториот дел од детската работилница „Театар на сенки“, објавен на 14-ти септември 2022 година на интернет – поталот „Радио Кочани.мк“ (www.radiokocani.mk).

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има прекршувања по основ на нарушени авторски права и плагијаторство, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во член 12.

Дополнително, жалителот посочува дека медиумот кој ја презел спорната содржина не ги почитувал авторските права на други медиуми и новинари, и воедно, презел готови информации, без да наведе автор или извор на информацијата, пласирајќи ги како свои содржини. Во исто време, од ТВ „Канал 8“ укажуваат дека ваквото преземање на содржини било извршено во повеќе наврати претходно, за што немало никаква согласност и одобрување од страна на жалителот. Во овој контекст, жалителот потенцира дека од страна на интернет порталот „Радио Кочани.мк“ се преземале веќе објавени текстови од телевизиската програма и од профилите на социјалните мрежи на жалителот, односно од Телевизија „Канал 8“.

Во прилог на жалбата, подносителот на жалбата достави и скриншот од истата информација, што била објавена претходниот ден на Фејсбук профилот на ТВ „Канал 8“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Радио Кочани.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредникот на медиумот, Илија Стефановски, се изјасни на наводите на жалителот со извесно отстапување од предвидениот рок за одговор со образложение дека пораката со жалбата им пристигнала во „spam“. И покрај тоа што одговорот на „Радио Кочани“ пристигна со задоцнување од 10 дена, поради специфичноста на случајот и заради подобро разбирање на содржината на жалбата, Комисијата одлучи да ги земе предвид наводите на медиумот.

Стефановски во одговорот тврди дека предметниот текст, како медиум, не го презеле од Телевизија „Канал 8“, кој е подносител на оваа жалба туку од Македонската информативна агенција (МИА) и воедно, потенцира дека истата содржина ја имале објавено повеќе од 20 портали. Стефановски, во прилог на одговорот достави и принтскрин од идентичен текст објавен на друг медиум. Во тој контекст, тој наведува дека ниту посочениот медиум, ниту

Медиумската информативна агенција (МИА), која исто така го објавила текстот не поднеле жалба против порталот „Радио Кочани.мк“.

Оттука, Стефановски се сомнева дека жалбата на „ТВ Канал 8“ е со одредена тенденција и како што вели, нејзиното поднесување имало друга генеза. Уверува дека како локален медиум и член на Советот за етика во медиумите во целост ги почитува професионалните новинарски стандарди и се залага за заштита на авторските права на медиумите и новинарите.

*„Напоменуваме дека во овие 13 години колку што постоиме како приватен локален медиум од нас други медиуми имаат преземено мал милион текстови. И притоа никогаш не сме реагирале во смисла дека некој не краде, ниту некого сме обвиниле за плагијаторство, ниту, пак, сме се жалеле некаде“,* додава Уредникот на „Радио Кочани.мк“ во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата не најде доволно елементи за да констатира прекршувања по основ плагијаторство, односно на член 12 од Кодексот, на кој упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 5-ти октомври 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Комисијата, најнапред, констатираше дека порталот „Радио Кочани“, чија содржина е предмет на жалба за плагијаторство од страна на Телевизија „Канал 8“, навистина презел текст од друг медиум, без да го посочи изворот на оригиналната содржина.

И покрај тоа што во жалбата на Телевизија „Канал 8“ се наведува дека станува збор за плагијаторство, Комисијата не можеше да утврди такво отстапување од Кодексот на новинарите. Ова од причини што истата идентична содржина, пред да ја објави „Радио Кочани.мк“, уште претходниот ден, веќе била објавена од Македонската информативна агенција (МИА) и потоа од неколку интернет – портали и медиуми кои ја преземале веста од МИА. Оттука, Комисијата не можеше да утврди дали спорниот текст бил преземен токму од „Канал 8“, како што тврди Телевизијата, која е жалител во оваа постапка или пак, „Радио Кочани.мк“ ја презел од МИА.

Во овој контекст, Комисијата заклучи дека предметниот текст со идентична содржина прво бил објавен на МИА, а веднаш потоа и на Фејсбук страницата на ТВ „Канал 8“, како и на други медиуми. Ова, според Комисијата, на вториот медиум не му дава ексклузивитет врз оригиналниот текст, без разлика што и во двата случаи како автор се јавува ист новинар, во првиот случај, како дописник на МИА, а во вториот, како новинар на локалната ТВ „Канал 8“.

Според горенаведеното, Комисијата не најде доволно елементи за да утврди отстапување од Кодексот на новинарите на Македонија, поконкретно од член 12 од Кодексот, но нотираше извесни пропусти при начинот на објавувањето на текстот од страна на „Радио Кочани.мк“.

Членовите на Комисијата најдоа дека оспорената содржина била објавена без воопшто да се наведе извор или автор, што не е дозволено во новинарската професија. Во исто време, тие констатираа и дека текстот, во меѓувреме, бил отстранет од веб-страницата на медиумот, што остава сомнеж дека порталот очигледно го воочил пропустот и се обидел да се амнестира од одговорност. Во оваа насока, Комисијата упатува на начелото од Кодексот на новинарите дека генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или тргне, тоа мора да биде јасно назначено.

Оттука, Комисијата потсетува на обврските кои медиумите, особено членките на Советот за етика во медиумите (СЕММ) треба да ги почитуваат при преземањето на туѓи содржини, а кои првенствено се наведени во член 12 од Кодексот, според кој, плагијатортвото е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар. Онлајн медиумите треба настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор, а текстовите и другите објавени содржини да се потпишани од новинар или друг автор.

Комисијата, на крајот, ги изложи своите забелешки и во однос на самата жалбена постапка. Членовите на Комисијата се согласија дека порталот „Радио Кочани.мк“, како членка на СЕММ и Регистарот на професионални онлајн медиуми, требало да покаже поголема одговорност и ажурност од аспект на обезбедување правовремен одговор по основ на добиена жалба, како и активно вклучување во процесот на медијација, што во пракса го иницира Советот за етика. Медиумите – членки на СЕММ освен почитување на начелата во Кодексот на новинарите, треба да имаат и професионален пристап кон критериумите и работата на саморегулаторното тело.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Радио Кочани.мк“ (www.radiokocani.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595